Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
„СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
Бр. 01-237/1
9.4.2026 год.
ОХРИД

ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Во рамките на развојните тенденции во високото образование во Република Северна Македонија, зголемувањето на придонесот и зајакнувањето на улогата на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид во развојот на демократијата, граѓанското општество, пазарното стопанство на земјата и во дефинирањето на местото на Република Северна Македонија во глобалните интеграциони процеси, Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид пристапи кон имплементирање на систем за управување на квалитетот.

Во согласност со процесите за создавање единствен европски простор на високо образование, програмските цели на Универзитетот, Сенатот ги утврди следниве главни цели на политиката за квалитет:

- функционирање на организационата структура на интегриран универзитет и воспоставени надлежности на органите, кои произлегуваат од законската регулатива поврзана со неговата дејност;
- подигнување на квалитетот на наставата, студирањето и студентскиот стандард;
- развивање на европската димензија во високото образование во развојот на студиските програми, меѓуинституционалната соработка на ниво на универзитетот, соработка на национално, регионално и на интернационално ниво, мобилност на академскиот кадар и студентите;
- управување со квалитетот - континуирано следење и оценување на процесите за обезбедување квалитет, подигнување на квалитетот во сите сфери на дејствување на стручна и административна служба.

Горенаведените цели се поврзани со следниве главни процеси:

- поврзување на стручните и административните дејности и функции на Универзитетот;
- развивање на ЕКТ-системот во сите циклуси на високото образование и континуирано спроведување на обврските од законската регулатива, болоњскиот процес и европските директиви;
- креирање студиски програми, истражувања, обуки;
- изведување континуирана самоевалуација и надворешна евалуација на факултетите, научните институти и на Универзитетот, на национално и меѓународно ниво.

За реализација на поставените цели, врвното раководство ќе презема активности за:

- подобрување на квалитетот и со тоа компетентноста на наставно-нучниот кадар - особено на подмладокот, преку нивно континуирано образование и вклучување во научноистражувачки проекти и меѓународни развојни програми;
- поврзување со истакнати странски истражувачко-развојни институции за размена на искуства и стекнување нови знаења;
- вклучување во програми и проекти за мобилност на студентите и академскиот кадар;
- обезбедување кадровска поддршка;
- обезбедување на потребната инфраструктура (простор и опрема) за квалитетно изведување на активностите;
- континуирана соработка со стопанството;
- перманентно следење и преиспитување на поставените цели.

Претседател на Универзитетскиот сенат
проф. д-р Нинослав Марина с.р.